Врз основа на член 228 од Законот за работни односи и член 127 од Колективниот договор за кожарска и чевларска индустрија на Република Македонија, Синдикатот на работниците од текстилната, кожарската и чевларската индустрија на РМ и Здружението за кожарска и чевларска индустрија при Организацијата на работодавачите на Македнија на ден 04.02.2010 година склучија

# С П О Г О Д Б А

**за измени, дополнувања и продолжување на важноста на Колективниот договор за кожарска и чевларска индустрија на Република Македонија**

1. Важноста на Колективниот договор за кожарска и чевларска индустрија на Република Македонија склучен на 07.02.2008 година, со важност до 07.01.2010 година, се продолжува до 07.01.2012 година.

2. Измените и дополнувањата на Колективниот договор за кожарска и чевларска индустрија на Република Македонија се составен дел на оваа Спогодба.

3. Спогодбата се регистрира во Министерството надлежно за работите од областа на трудот и се објавува во “Службен весник на Република Македонија”.

04.02.2010

**ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТОДАВАЧИТЕ НА МАКЕДОНИЈА**
**Здружение за кожарска и чевларска индустрија**
**Претседател,**
**Костадин Барзов**

-----------------------------------------------

**СИНДИКАТ НА РАБОТНИЦИТЕ ОД ТЕКСТИЛНАТА, КОЖАРСКАТА И ЧЕВЛАРСКАТА ИНДУСТРИЈА НА РМ**
**Претседател,**
**Анѓелко Анѓелковски**

-----------------------------------------------